**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-120/1**
**Скопје, 23.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СТУДЕНИЧАНИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Студеничани за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Студеничани за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Азем Садики, градоначалник на општина Студеничани за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 17.10 до 01.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Катерина Чалоска - Помлад ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Не е извршено усогласување на Статутот, актите за работа и актите за систематизација на Општината, согласно членот 91 и 94 од Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на Законот за локална самоуправа и неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови придонесува за незаконско работење на единицата за локална самоуправа и неможност за пополнување на оптимално потребните работни места.
Во текот на ревизијата е извршено усогласување на Статутот и Деловникот за работа на советот, а во постапка на усогласување се актите од областа на работните односи, односно актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места.
**Препорака:**
Службите на општината, работите од нивна надлежност, да ги извршуваат по ажурно и во роковите предвидени со позитивните законски прописи.

**10.2. Ненаменско и незаконско користење на срдствата**

10.2.1. Направени се расходи без предходно обезбедени средства со буџетот на општината за 2004 година во износ од 5.820 илјади денари, кои се однесуваат:

- Остварени се расходи на позицијата Тековни расходи во износ од 5.720 илјада денари повеќе од планираните со буџетот, и
- Кај позицијата Тековни трансфери и субвенции во износ од 100 илјади повеќе од планираните со буџетот.

Непочитувањето на Законот за буџетите придонесува за ненаменско трошење на средствата на единицата на локалната самоуправа.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Студеничани на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која

завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точка 10.2. кај Буџетот на општина Студеничани не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи за 2004 година.

**Скопје, 19.01. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС СТУДЕНИЧАНИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 7,208 | 7,115 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 12 | 86 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 5,410 | 5,889 |
| **Вкупно приходи** | | **12,630** | **13,090** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.1. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 2,873 | 2,769 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 8,976 | 3,832 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 230 | 1,020 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **12,079** | **7,621** |
| **Капитални расходи** | 3.2. | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 550 | 3,222 |
| Капитални трансфери | | 0 | 70 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **550** | **3,292** |
| **Вкупно расходи** | | **12,629** | **10,913** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1** | **2,177** |

**Буџет на ЕЛС СТУДЕНИЧАНИ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1 | 2,390 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1** | **2,390** |
| **Вкупна актива** | | **1** | **2,390** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1 | 2,390 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | | 0 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1** | **2,390** |
| **Вкупна пасива** | | **1** | **2,390** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1404-120/11***
***Скопје, 08.03.2006 година***

Согласно член 27 став 5 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, број 73/2004) , по добиен Приговор,број 1404-120/9 од 21.02.2006 година, на Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Студеничани, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот по точка 10.2.1. по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Студеничани не се прифаќа.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Студеничани поднесен е приговор број 1404 - 120/9 од 21.02.2006 година од одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија.

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Приговорот на наодот од точка 10.2.1. а кој се однесува на направени трошци во повисок износ од планираните со буџетот во износ од 5.820 илјади денари, **не се прифаќа** поради тоа што е постапено спротивно на член 33 од Законот за буџетите.

**Главен државен ревизор**

**Д-р Драгољуб Арсовски**